Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 07.04.2022

На 06.04.2022 на Регионалниот пат Прилеп-Градско, кај с.Беловодица, поради сомнение за сторено кривично дело по чл.215 од Кривичниот законик, од страна на полициски службеници од ОВР Прилеп лишени од слобода се Б.Р.(31) и Е.Ј.(26) од Скопје. При преглед на патничко возило „фиат пунто", со скопски регистарски ознаки, била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.04.2022 година во 18.00 часот полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Н.К.(44) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени марихуана и прашката материја. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 06.04.2022 во 10.15 часот на Граничниот премин Ќафасан, на влез во државата бил лишен од слобода В.П.(45) од Р.Албанија. По извршени гранични проверки во службената евиденција било констатирано дека за него има мерка „ајси", по распишана меѓународна потерница од страна на Интерпол-Германија. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Струга, за понатамошна постапка.

На 06.04.2022 во 14,30 часот на Граничниот премин Табановце, на излез од државата, при извршена пасошка контрола на М.Ј.(44) од Р.Албанија, било констатирано дека се послужил со туѓа патна исправа. Со него бил извршен службен разговор, при што од неговиот мобилен телефон приложил слика од неговата патна исправа, според која станува збор за С.М.(35) од Р.Албанија. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 06.04.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 30 возачи, од кои на територијата на Ресен биле изречени 10 санкции, 11 на територија на Битола, 6 на територијата на Прилеп, а 3 санкции во Македонски Брод.

На 06.04.2022 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 21 прекршок, од кои 16 надвор од населено место и 5 во населено место. Санкционирани биле и 19 други видови на прекршоци, од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 2 за управување технички неисправно возило, 2 за нерегистрирано возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 4 за некористење сигурносен појас и 5 за непропишно паркирање.

На 06.04.2022 во 14.00 часот било пријавено дека во с.Мршевци, скопско, патничко возило „Хјундаи", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.К. од Скопје, удрило во велосипед, управуван од малолетник с.Мршевци. Во несреќата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 06.04.2022 во периодот од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола за прекршоци што ги прават пешаците во сообраќајот. Притоа, биле констатирани 18 прекршоци во врска со преминување улица надвор од пешачки премин, од кои 6 во Струмица, 5 во Валандово, 4 во Радовиш и 3 во Ѓевгелија. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 06.04.2022 во 19.10 часот било пријавено дека на ул.„Христо Татарчев" патничко возило „ауди", со скопски регистарски ознаки, управувано од Х.С.(52) удрило во пешакот С.А.(56), двајцата од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила С.А., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 06.04.2022, во периодот од 10.00 до 15.00 часот, на подрачјето на СВР Куманово спроведена е акциска контрола за откривање на прекршоци што ги прават пешаците, при што се санкционирани 15 пешаци кои не ги почитувале сообраќајните прописи. Од нив 9 во Куманово и 6 во Крива Паланка.

На 06.04.2022 во 14.10 часот било пријавено дека во Куманово, на ул."Железничка" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф", управувано од Д.М.(25) од Куманово и патничко возило „фолксваген шаран", управувано од Н.Д.(35) од Куманово, двете со кумановски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил С.С.(66) од с.Ропалце, липковско, сопатник, до возилото „фолксваген голф", а уште еден сопатник од истото возило, А.М.(76) од Куманово, и двајцата возачи се здобиле со телесни повреди, констатирани во Општата болница во Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 06.04.2022 во 18.05 часот во Полициската станица Аеродром, Љ.С.(55) од Скопје пријавила дека на ул.„Новопроектирана", кај кејот на р.Вардар, била касната од куче скитник.

На 06.04.2022 во 15.20 часот во Полициската станица Драчево, А.З.(71) од Скопје пријавил дека на ул.„Речиште" бил каснат од куче ситник.

На 06.04.2022 во 15.55 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Р.(26) од Куманово. Тој се сомничи дека извршил кражба во склад за огревни дрва на бул.„Трета македонска ударна бригада" и во деловен објект на ул.„Иво Лола Рибар", од каде одзел повеќе предмети. С.Р. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На подрачјето на СВР Тетово денеска (07.04.2022) од 07.00 до 12.00 часот спроведена е акциска контрола, како и колку возачите ги исполнуваат нивните обврски кон пешаците, а во која вкупно откриени и санкционирани биле 21 прекршок (ТЕ-19 и ГВ-2). Најголемиот број од прекршоците се однесувале на непрепуштање на пешаците кои се наоѓале на коловоз или почнале да чекорат по коловоз 18 (ТЕ), а преостанатите 3 на непрепуштање пешаци на обележани премини (ТЕ-1 и ГВ-2). На возачите-прекршителите изготвени им се поднесоци и ќе се соочат со законски предвидените санкции, односно парични глоби. При контролата, исто така, санкционирани се и 9 (ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци.

На 06.04.2022 во 19.00 часот било пријавено дека во Тетово, на локалниот пат с.Д.Лешница - с.Г.Лешница мотоцикл „крос", без регистарски ознаки, управуван од Ш.А.(21) од с.Палатица, излетал надвор од патот. Во несреќата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничкиот центар Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 06.04.2022 во 10.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров е пријавено дека во с.Волково, скопско, настанал пожар во занаетчиска работилница, сопственост на М.Ф.(41) од Скопје, при што бил опожарен магацинскиот простор со производи и машини. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 06.04.2022 во периодот од 10.00 до 15.00 часот полициски службеници на СВР Тетово на тетовско-гостиварското подрачје спровеле акциска контрола за прекршоци што ги чинат пешаците, во која биле откриени и санкционирани вкупно 18 прекршоци (ТЕ-14 и ГВ-4). Најголемиот број од прекршоците, односно 10 (ТЕ) се однесувале на непочитување светлосни сообраќајни знаци или знаци што ги даваат полициски службеници, најмногу на крстосници. На прекршителите изготвени им се сообдетни поднесоци и тие ќе се соочат со законски предвидените парични глоби. При контролата, исто така, санкционирани се и 5 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-4 и ГВ-1).

На 06.04.2022 од 10.00 до 15.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид извршени се заклени сообраќајни контроли кон пешаците како учесници во сообраќајот. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале вкупно 41 пешак кои извршиле небезбедно преминување на улица и преминале коловоз надвор од обележан пешачки премин (Охрид-17, Струга-19, Кичево-04, Дебар-01).

На 06.04.2022 во 14.50 часот, на магистралниот пат Кичево-Гостивар кај с.Колари, се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „фиат дукато", управувано од З.А.(62) од тетовското село Камењане и патничко возило „фолксваген тигуан", управуван од М.Г.(55) од тетовското село Селце, двете со тетовски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот на „фиат" З.А. и И.Г.(45) од с.Стрелци, сопатник во возилото „фолксваген", а возачот М.Г. се здобил со телесни повреди, констатирани во Општата болница во Кичево. Увид на местото извршија Јавен обвинител и полициски екипи.

На 06.04.2022 во 23.20 часот било пријавено дека пред угостителски објект на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу М.Б.(39) и В.Б.(50), двајцата од Скопје. Сочинет бил записник по чл.11 од ЗППЈРМ.
На 06.04.2022 во 15.10 часот М.З.(49) од Скопје пријавил дека на кеј „13 Ноември", по претходна вербална расправија, бил физички нападнат со тврд предмет од едно лице. Се работи за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Е.А.(32) од с.Чифлик, пехчевско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 14.11.2021 околу 07.45 часот, на место викано „Света Петка", во атар на с.Чифлик, пријавениот е затекнат од полициски службеници како со себе носи ловна пушка „Bajkal I3", калибар 12 мм и седум ловечки патрони калибар 12 мм, без да поседува соодветна дозвола за оружје издадена од надлежен орган.

На 06.04.2022 во 21.30 часот во Полициска станица Центар О.М.(48) од Скопје пријавил дека околу 20.00 часот пред продавница на подрачјето на Центар неколку лица физички го нападнале неговиот малолетен син и му одзеле мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против С.Б.(60) од Дебар, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 30.03.2022 пријавениот вршел јавен превоз со патничко возило сопственост на неговата сопруга Л.Б., на подрачјето на Дебар, без да поседува соодветна лиценца за вршење на јавен превоз.

На 06.04.2022 во 14.15 часот Р.К.(83) од Скопје пријавила дека околу 13.40 часот кај Зелен пазар била физички нападната со тврд предмет од Г.Ч.Т.(62) од Скопје. Сочинет бил записник по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 06.04.2022 во 22.20 часот во Полициската станица Карпош од Јавната установа за згрижување деца било пријавено дека од Организационата единица Козле се оддалечил Р.Ц.М.(14) од Куманово. Тој и претходно во повеќе наврати се оддалечувал и бил враќан назад. Се работи на пронаоѓање на лицето.

На 06.04.2022 во 13.45 часот И.Т.(48) од Скопје, пријавил дека на подрачјето на Гази Баба, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од Б.М.(37) од Скопје и уште едно лице. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

Регионалниот центар за гранични работи Северо поднесе кривична пријава против Д.Г.(57) од Кочани, С.Б.(53) и М.П.(62), и двајцата од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 12.02.2022 на граничен премин „Табановце" тие прикажале фалсификувани антигени тестови.

На 06.04.2022 во 12.20 часот во Полициска станица Аеродром е пријавено дека во трговски центар на подрачјето на нас.Лисичје, М.Т.(29) од Скопје, по претходна расправија со женско лице, била физички нападната од него и уште едно машко лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.04.2022 во 19.15 часот во Полициска станица Кисела Вода е пријавено дека во аптека на подрачјето на Кисела Вода, едно лице со закана кон вработената одземало пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.04.2022 во 23,00 часот во Полициска станица Ѓорче Петров Р.В.(33) од Скопје пријавил дека на подрачје на Ѓорче Петров настанал пожар во неговото патничко возило „БМВ", со скопски регистарски ознаки. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет